**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**Ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 www.kzk.gov.mk e-mail:kzk@kzk.gov.mk**

# Известување за концентрација со која СофтверОне Холдинг АГ, Швајцарија ќе стекне контрола над Краоун Групација Холдинг АСА, Норвешка

**(предмет бр.08-84/2025)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 208/24 и 16/25), на ден 15.05.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација која се однесува на стекнувањето на самостојна контрола од страна на СофтверОне Холдинг АГ, друштво со ограничена одговорност кое котира на берза и е основано и работи во согласност со законите на Швајцарија, со регистрирано седиште на адреса Риеденматт 4, ЦХ-6370 Станс, Швајцарија, над Краоун Групација Холдинг АСА, друштво со ограничена одговорност кое котира на берза и е основано и работи во согласност со законите на Норвешка, со регистрирано седиште на адреса Галлхауг Торг бр. 5, 0484 Осло, Норвешка, преку стекнување на мнозинство од акциите во Краоун.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**СофтверОне** е глобален добавувач на софтверски и клауд решенија, кој нуди сеопфатен пакет на услуги, вклучувајќи обезбедување поддршка на клиентите со обезбедување и оптимизација на софтверски и клауд лиценци и поврзани услуги за имплементација и поддршка, со цел да им помогне на своите клиенти во справувањето со комплексноста на клауд, како и на податоците и вештачката интелигенција во контекст на дигиталната трансформација.

СофтверОне Групацијата нема зависни друштва, подружници или претставништва регистрирани во Северна Македонија.

**Краоун** обезбедува услуги за планирање, управување и иновации на IT решенија. Краоун работи на светско ниво, во 46 земји, со тим од повеќе од 4.000 професионалци. Краоун е интерно поделен на следните деловни области: Софтвер & Клауд директ и Софтвер & Клауд канал, Софтвер & Клауд економија и Консалтинг.

Во Северна Македонија, Краоун бил присутен во 2024 година преку своето зависно друштво во целосна сопственост - КРЕЈОН МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ СКОПЈЕ (со ЕМБС 7296843, регистрирано седиште на ул. Мирче Ацев бр.2-кат 3/ Скопје - Центар, и со регистрирана приоритетна дејност 62.100 - Компјутерско програмирање).

Според подносителот на известувањето как релевантни пазари на стоки за целите на оценка на предметната концентрација би можеле да се дефинираат: пазар за дистрибуција/(пре)продажба на IT производи, вклучувајќи софтвер и пазар за обезбедување на IT услуги, додека релевантниот географски пазар би можел да се дефинира на светско ниво.

**Ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666** **www.kzk.gov.mk**e-mail:**kzk@kzk.gov.mk**

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување*.

Скопје

20.05.2025 година